Врховниот суд на Република Северна Македонија на Општата седница одржана на 13.07.2021 година, расправајќи по иницијативата поднесена од Седницата на судии на Основниот суд Велес СУ.бр.20-2/21 од 02.03.2021 година, согласно член 101 од Уставот на Република Северна Македонија и член 37 став 1 точка 1 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 58/2006...96/2019), го утврди следното:

## НАЧЕЛНО ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Кривичниот совет за деца е надлежен да постапува по поднесено барање за обесштетување на дете за кое со правосилна судска одлука е утврдено дека е жртва, односно оштетено со дејствие што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок со елементи на насилство и на кое му е признато имотноправно побарување, независно од тоа дали правосилната судска одлука со која е одлучено за имотноправното побарување е донесена од кривичен, прекршочен или парничен судија.

### О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 151 став 1 од Законот за правда за децата („Службен весник на РМ“ број 148 од 29.10.2013 година), заради обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство, се издвојуваат средства во рамките на буџетот на Министерството за правда. Во став 2 од истиот член е наведено дека Министерот за правда, по претходно прибавено мислење од Државниот совет за превенција на детско престапништво донесува годишна програма со која ги планира изворите и начинот на трошење на средствата од ставот 1 на овој член. Во смисла пак на ставот 3 од истиот член, административно – техничките работи за исплатата на средствата од ставот 1 на овој член ги врши Министерството за правда.

Согласно пак член 152 став 1 од истиот Закон, детето за кое со правосилна судска одлука е утврдено дека е жртва, односно оштетено со дејствие што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок со елементи на насилство и на кое му е признато имотноправно побарување, може да поднесе барање за обесштетување од средствата од членот 151 став 1 од овој Закон до надлежниот суд, кога поради фактички или правни пречки имотноправното побарување не може да се изврши од имотот на сторителот на кривичното дело или другиот акт на насилство и кога од правосилноста на одлуката за имотноправното побарување изминале повеќе од шест месеци. Во ставот 2 од наведениот член, се вели дека барањето од ставот 1 на член 152, покрај детето, можат да го поднесат неговите родители/или/от, односно старатели /или/от. Во ставот 3 на истиот член стои дека судот ќе донесе решение за

обесштетување во износ на досуденото имотноправно побарување, без зголемување по основ на камати или други дополнителни трошоци околу извршувањето на побарувањето. Ако судот го одбие барањето, детето жртва има право на жалба до Апелациониот суд во рок од 8 дена од денот на приемот на решението за одбивање. Одлуката на Апелациониот суд е конечна.

Во членот 19 од Законот за правда за децата, кој се однесува на значење на поимите и изразите употребени во овој Закон, под поимот „надлежен суд“ се подразбира судија за деца и совет за деца.

Ако се има во предвид цитираната законска одредба од член 19 од Законот за правда за децата, произлегува дека надлежен да постапува по барањето за обесштетување на дете за кое со правосилна судска одлука е утврдено дека е жртва, односно оштетено со дејствие што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок со елементи на насилство и на кое му е признато имотноправното побарување е кривичниот совет за деца, независно од тоа дали правосилната судска одлука со која е одлучено за имотноправното побарување е донесена од кривичен, прекршочен или парничен судија.

Ова посебно што согласно членот 152 став 3 од Законот за правда за децата, решението за обесштетување треба да биде во износ на досуденото имотноправно побарување без зголемување по основ на камати или други дополнителни трошоци околу извршувањето на побарувањето, па ирелеватно е дали имотноправното побарување е признато од кривичен или парничен суд. Дека е тоа така произлегува и од самите доставени решенија со предметната иницијатива. Имено, со решението КСМ.бр.19/20 од 25.12.2020 година, на Кривичниот совет за деца на Основниот суд Велес барањето за обесштетување на малолетното дете преку неговиот законски застапник – мајка, е усвоено и е задолжено Министерството за правда да изврши исплата на малолетното дете застапувано од неговата мајка на имотноправното побарување сума во износ од 200.000,00 денари, утврдено со пресуда на Основниот суд Велес МАЛВП-42/19 од 24.06.2019 година. Ова истото произлегува и од решението на Основниот суд во Битола П4-9/19 од 30.01.2020 година, со кое исто така барањето на малолетната тужителка, застапувана од законскиот застапник – мајката, е усвоено, и е задолжено Министерството за правда на РСМ да и исплати на малолетната тужителка преку нејзината мајка вкупен износ од 800.000,00 денари, по основ надомест на нематеријална штета досуден со пресуда на Основен суд Битола П4-9/19 од 23.05.2019 година, која пресуда е правосилна и извршна на 27.06.2019 година.

За Министерството за правда ирелевантно е кој одлучувал по ова барање за обесштетување од средствата од членот 151 став 1 од Законот за правда за децата. Тоа од причина што ова Министерство соглано членот 152 став 4 од Законот за правда за децата, само ја извршува исплатата по конечното решение за исплата на обесштетувањето, кое решение му го доставува судот и за извршената исплата, согласно член 152 став 5 од цитираниот Закон, ова Министерство го известува судот кој го донел решението најдоцна еден месец од извршената исплата. Ако обесштетувањето е исплатено од средствата од членот 151 став 1 од Законот за правда за децата, судот согласно член 152 став 6 од наведниот Закон, го доставува решението за обесштетување до Државниот Правобранител, заради поведување на постапка за присилно извршување на исплатеното обесштетување од имотот на сторителот. Против ова решение не е дозволена жалба, а тоа ќе се изврши согласно со одредбите од Законот за извршување.

Ако кон сето ова се додаде и наведеното во членот 153 став 1 од Законот за правда за децата, дека заштитата на децата како жртви и како сведоци во кривичната постапка се обезбедува согласно со одредбите од овој Закон, Законот за кривичната постапка и Законот за заштита на сведоците, сметам дека се работи за исклучително итна и сензитивна постапка, каде што детето жртва треба да биде максимално заштитено.

Од наведените причини, Општата седница го утврди ова начелно правно мислење.

Врховен суд на
Република Северна Македонија
Општа седница